## ШТО АКО МОЈОТ „VASCATH“ КРВАВИ?

- Ако забележите крвавење на местото на кожата каде што се наоѓа вашиот „vascath“ или ако тој ви испаднал, **притискајте силно на местото** со парче газа или чиста крпа и **дојдете веднаш во Одделот за итни случаи во болницата**.
- Ако забележите дека „vascath“ крвави од цевка, можеби стегачот бил оставен отворен. **Веднаш затворете го стегачот**.
- Ако забележите дека чепчето на крајот од цевката се откачило, **контактирајте ја единицата за дијализа или болницата.**
- Повикајте амбулантно возило (000) за итна медицинска помош доколку случајно се пресече „vascath“.

## КОЈ ГО КОРИСТИ „VASCATH“?

- **Вашиот „vascath“ може да го користат само медицински сестри за дијализа со цел да ве поврзат со апаратот за хемодијализа.** Докторите или други медицински сестри не смеат да го користат за да внесуваат лекови или течности во вашето тело.

**Vascular Access Nurse**
0457 756 436
9113 1111 page 310
(Од понеделник до петок, од 8.00 наутро до 4.30 попладне)
*После работно време, одете во Одделот за итни случаи (Emergency)*

Последователни прегледи со Vascular Access Nurse во
**4West Dialysis Unit**
0457 756 436
02 9113 1111 page 310

Reviewed By
St George Hospital
Consumer Advisory Group
*Working together*

Брошурата е подготвена со помош на 4West Patients во 2022
Produced by South Eastern Sydney Local Health District

# Катетер за хемодијализа

## Информативна брошура




**Haemodialysis Catheter**
Information Brochure
Macedonian

## ЗОШТО Е ПОТРЕБЕН „VASCATH"?

Кога ќе престанат да работат вашите бубрези, неопходно е да правите хемодијализа. За да може да правите хемодијализа, ќе треба да имате „васкуларен пристап". Ова им овозможува на медицинските сестри за дијализа пристап до вашата крв за да може таа да се прочисти со апарат за хемодијализа.

Катетер за хемодијализа („vascath") е мека пластична цевка која се става под кожата во голема вена во вашиот врат, градниот кош или во ципата.

Надворешниот дел на катетерот се држи на место со конци. Внатрешниот дел на катетерот можеби ќе има мала обвивка (cuff), што помага да се намали ризикот од инфекција и да се одржува катетерот на место по отстранувањето на конците.



## СТАВАЊЕ НА „VASCATH"

- „vascath"се става во:
  a. Вратната вена (и може да стои на градниот кош)
  b. Бутната вена во ципите
- Докторот ќе одлучи кој дел е соодветен и ќе ви ја објасни процедурата. Докторот ќе побара од вас да потпишете формулар за согласност.
- Ако земате лекови за разредување на крвта, вашиот доктор може да ве советува да го одложите земањето на таблетата, да ви се стави „vascath" и после тоа да ја земете таблетата.
- Катетерот ќе се стави или во Одделот за радиологија, во операционата сала или во просторијата за третман на Одделот за интензивна нега.
- Пред да се стави „vascath", кожата на местото се чисти со антисептик, а потоа се нанесува локален анестетик за да се здрви местото.
- Во зависност од видот на „vascath", може да добиете седативи пред процедурата.

## • КАКО ДА СЕ ГРИЖИТЕ ЗА ВАШИОТ „VASCATH"

- Ќе имате проѕирна облога над местото каде „vascath" излегува од вашето тело. Оваа облога ја менуваат медицинските сестри за дијализа еднаш неделно или по потреба.
- Доколку облогата се разлабави или падне, покријте го местото со чиста газа и контактирајте ја единицата за дијализа. Ќе ви биде ставена нова облога.
- За да се намали ризикот од инфекција, **облогата треба постојано да биде сува**. Не се туширајте 3 дена и избегнувајте директно поливање на местото каде што се наоѓа „vascath" со вода. Вашата медицинска сестра ќе ви даде пластична покривка за туширање и ќе ви покаже како таа се користи.
- Не користете никакви остри предмети, како ножици, во близина на „vascath", кои можат да го оштетат.
- На крајот на секоја цевка на „vascath" ќе има жолти или црвени чепчиња/капачиња. **Ве молиме, проверувајте секој ден дали двете чепчиња/капачиња сè уште се на место**. Ако не се, веднаш контактирајте ја единицата за дијализа.